**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 2.5.2018 година**

**Скопје, мај 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 2.5.2018 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, м-р Жика Стојановски, градоначалник на Општина Илинден и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, Билен Саљији, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање и Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 62-та седница на Владата, одржана на 3.4.2018 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

    - Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година, со прилози

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за барање на еуродизел БС (Д-Е V) за чистење на критични места од поплави, со Акциски план на критични места по подружници, со дополнување и Предлог-одлука

2. Информација за заеднички утврдени предлог мерки поврзани со индикаторот Регистрирање на имот од Извештајот „Doing business 2018“ на Светска банка

3. Годишна сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година, Годишен извештај за работата на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година, финансиски извештаи на Фондот за осигурување на депозити за годината што завршува на 31.12.2017 година и Извештај на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити, со Предлог-одлуки

4. Информација за ликвидноста на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година

5. Барање за одобрување на парични средства за усогласување на платата согласно Законот за административни службеници

6. Информација за давање на движни ствари на трајно користење на Град Скопје, со Предлог-одлука

7. Информација за одржан координативен состанок за изнаоѓање начин за обезбедување финансиски средства потребни за реализација на единствениот комуникациско информативен систем со единствениот Европски број за итни повици Е-112 во Република Македонија, со дополнување кон неа

8. Информација за изменување на Одлуката за формирање на Надзорен одбор за супервизија на имплементацијата на системот за итни повици Е-112 во Република Македонија, со Предлог-одлука

9. Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија и Агенцијата за радијациона заштита и нуклеарна сигурност на Република Косово за соработка во полето на радијационата заштита и нуклеарна безбедност, со усогласен текст на Меморандум

10. Предлог-одлука за продажба на движна ствар (п.м.в. Рено Лагуна)

**б) Економски систем и тековна економска политика**

11. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка

12. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи

13. Предлог-платформа за одржување на Единаесеттата седница на Мешовитата комисија по Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија

14. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Русова Лака“ с.Мелница, Општина Чашка

15. Информација за исполнетоста на условите за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато, на „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје, на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село

16. Информација за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука

17. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта (магацин со изложбен салон) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

18. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

19. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со Предлог-одлука

20. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица КО Метежево, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со реализираните и планираните активности за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд, за периодот октомври 2017 година - март 2018 година

22. Информација во врска со активностите на Работната група задолжена за испитување на можноста за воведување на алтернативни горива во термо-енергетските објекти (постројки) во Република Македонија со посебен акцент на РДФ горива (refuse-deliver fuel)

**в) Политички систем**

23. Предлог-закон за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција

24. Предлог за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Едрене, со Предлог-одлука

25. Предлог за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Едрене, со Предлог-решение

26. Предлог за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Казакстан, со седиште во Алмати, со Предлог-одлука

27. Предлог за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Казакстан, со седиште во Алмати, со Предлог-решение

28. Информација за организирање на Летниот камп ,,Ја сакам Македонија“ - 2018 година

29. Информација за подготовка на четиринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 15.5.2018 година во Скопје

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

30. Предлог-закон за приватните агенции за вработување

31. Предлог-закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци

33. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино

35. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за градежништво, трговија, услуги и производство Прима градба ДОО Штип на локалитетот „Долно Поле“ с.Прибачево, Општина Кочани

36. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“, Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги „Резервоар минералс Македонија“ ДООЕЛ Скопје

37. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште - Припечани“, Општина Зрновци и Општина Чешиново - Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги Механизација ДОО увоз-извоз, с. Зрновци, Зрновци

**б) Политички систем**

38. Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година

39. Предлог -одлука за давање во закуп на недвижни ствари (КП 2077 КО Тетово 1 ИЛ бр. 6335)

40. Барање на Созер Елиф Ече, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Македонија

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура - Крива Паланка

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Скопје

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за физичко образование, спорт и здравје“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за македонска литература

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа-Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“ - Гостивар

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на Албанците

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство

64. Предлог -одлука за престанок и за давања на трајно користење на движни ствари на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Стоматолошкиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор на Владата на Република Македонија

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика

69. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола

70. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Фармацевтскиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

72. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа-Библиотека „Кочо Рацин“ - Тетово

73. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонската академија на науките и уметностите

74. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

75. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

76. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

77. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението библиотека „АЛ-БИ“ с.Бабино - Демир Хисар

78. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево

82. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Хидробиолошки завод Охрид

83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

84. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институтот за македонски јазик Крсте Мисирков

85. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за национална историја

86. Предлог -одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен

87. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе

88. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип

89. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш

90. Предлог-одлука за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2018/2019 година и Предлог-одлука за утврдување на бројот на квоти по студиски програми за студенти, чие родителското право го врши само еден родител, кои ќе плаќаат половина од износот на уписнина во рамки на државните квоти, односно во рамките на квотите со кофинансирање на студиите, во учебната 2018/2019 година

91. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во академската 2018/2019 година

92. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2018/2019 година

93. Предлог-одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2018/2019 година

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

94. Барање за давање на автентично толкување на член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани

95. Барање за давање на автентично толкување на член 41 ставови (1) и (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 127,10, 44/14, 150/15, 31/16 и 21/18), поднесено од пратеникот Самка Ибраимоски

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

96. Посебен извештај за состојбата во Прифатниот транзитен центар „Винојуг“ - Гевгелија

97. Иницијатива поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за оценување на

уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010 и 100/2012)

98. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43154 за КО Центар 1 на КП 3101/0

99. Известување за усна јавна продажба од извршител Антончо Коштанов од Скопје и Заклучок за усна јавна продажба со И.бр.653/17

100. Известување од извршител Благојче Кипровски, за заклучок за втора усна јавна продажба со И.бр.497/2008

101. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр. 141/18 за КО Бутел

**д) Други предлози**

102. Записник од 7-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 27.4.2018 година и Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија

103. Кадровски прашања

104. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

105. Информација за проектот „Авто патека Илинден“

106. Информација за cash-flow за 2018 година на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

107. Информација за можноста за наплата на пенали за непочитување на роковите од страна на изведувачот согласно Договорот, како и за причините поради кои е настанато доцнењето во реализација на проектот „Изградба на административна зграда за потребите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје“, со дополнувањето кон неа

108. Извештај за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2017 година

109. Годишна програма за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2018 година

110. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на

трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви јануари до 31-ви март 2018 година

111. Информација за Годишна сметка за 2017 година на Јавната установа „Центар за образование на возрасните - Скопје“

112. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за иницијативи за склучување на билатерални спогодби, меморандуми за разбирање и соработка во воздушниот транспорт со воздухопловните власти на земјите од Европската Унија и светот

113. Информација за реализација на проектот „Формирање и поддршка на земјоделски задруги“

114. Годишен извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје за 2017 година

115. Извештај за работата на Советот за македонски јазик (август 2017 - декември 2017 година)

116. Информација за работата на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми за 2016 година и интеграција на ромите 2020 (за период 2016-2017 година), со дополнување кон неа

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

117. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари

118. Информација за потпишување на договор за мали придонеси помеѓу Владата на Република Македонија и Фонд за население на обединетите нации за имплементирање на дел од мерките за намалување на мајчина и новороденечка смртност, со Договор

119. Информација за потребата од отпочнување на постапка за набавка на реконбинантен фактор на коагулација FVIII- turoctocog alfa, наменет за пет деца со тешка форма на хемофилија, а со најмалку трета генерација реконбинантен фактор

*

*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 62-та седница на Владата, одржана на 3.4.2018 година.

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го консолидира Планот 2018 со внесување на соодветните елементи од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година во рок од седум дена.

2. Се задолжува ад хок работната група да го дополни План 2018 со соодветните препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања веднаш да ја достави деталната гап анализа на Извештајот и Планот за динамиката на ревизијата на Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ до ресорните институции и НПАА работните групи која ќе служи како основа за ревизијата на НПАА.

4. Се задолжуваат сите министерства да го прегледаат Извештајот од аспект на конзистентноста на фактичките информации содржани во истиот и доколку има неточни фактички податоци да го информираат Секретаријатот за европски прашања во рок од седум дена.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во соработка со Кабинетот на претседателот на Владата и Министерството за надворешни работи веднаш да започне со подготовка на концепт за отпочнување на пристапните преговори и да го заврши истиот најдоцна до 15 мај 2018 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика да состави работен тим, кој ќе подготви и ќе достави до Владата предлог со мерки и активности кои ќе придонесат за подобрување на мобилноста на работната сила, што е најслаб нотиран статус во Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

Владата заклучи да се започне постапка за воспоставување на нов АКМИС систем/софтвер за потребите на правосудството, кој ќе биде финансиран од ИПА средства.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за барање на еуродизел БС (Д-Е V) за чистење на критични места од поплави, со Акциски план на критични места по подружници, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува АД Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост-Скопје, да ги плати трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати.

2. Се задолжува АД Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост-Скопје, на секои три месеци до Владата да доставува информација за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акцискиот план, како и да достави список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за заеднички утврдени предлог мерки поврзани со индикаторот Регистрирање на имот од Извештајот „Doing business 2018“ на Светска банка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 30 дена да изврши промоција на процедурите за активностите на Агенцијата во делот на ажурирање на податоците во катастарот на недвижности (ажурирање на алфанумерички и графички податоци) на начин што и на својата веб - страница ќе објави известување/соопштение до јавноста за временскиот период за ажурирање на податоците во катастарот на недвижности достапни на on line порталите на Агенцијата за катастар на недвижности.

2. Се препорачува на Градот Скопје, до крај на мај 2018 година, на својата веб - страница да ги објави новите, ажурирани активности за изготвување на решение за данок на промет на недвижности и нова систематизација за работа во рамките на Град Скопје, во насока на промовирање во јавноста на новините во постапката и скратените рокови за изготвување на решение за данок на промет на недвижности.

3. Се препорачува на Градот Скопје во рок од 30 дена, на својата веб - страница да објави соопштение за новините во постапката за плаќање на данок на промет и добивање на печатирана потврда од банка, чија примена започнала од 1.1.2018 година, со што јавноста ќе биде запознаена дека не е потребно странката односно даночниот обврзник по извршената уплата на сумата на данок, да ја донесе уплатницата во Град Скопје како доказ за да се стави печат купопродажниот договор, дека Град Скопје по службена должност врши проверка на жиро сметката на Град Скопје и на општините на Град Скопје и штом утврди дека данокот е платен, до даночниот обврзник преку смс порака испраќа

известување дека треба да го подигне купопродажниот договор со ставен печат за платен данок.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии како институција која ја води коресподенцијата со Светска банка, во иднина до сите надлежни институции да го доставува драфт извештајот „Doing business“ на Светска банка, со цел усогласување и аргументирање на предложените оценки.

## Точка 3

Владата по Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година, Годишниот извештај за работата на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година, финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за годината што завршува на 31.12.2017 година и Извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити, со Предлог-одлуки:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за потврдување на Одлуката за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година, во предложениот текст.

3. Го разгледа Годишниот извештај за работата на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за ликвидноста на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Да се одржи координативен состанок во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, со директорот и претседателот на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство, со цел да се усогласат потребите на државните институции за простор и да се утврди процедурата и можноста истиот да се обезбеди од страна на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во рок од 30 дена.

Согласно ова, во функција на прегледност на податоците и оперативност при одлучување на координативниот состанок:

- се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да подготви преглед на расположлив деловен простор, вкупна површина и локација.

- се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да подготви табеларен преглед на просторно сместување по локации и површина на сите органи на државната управа, со посебен акцент на оние државни институции кои се сметени во деловен простор под закуп, како и моментални неопходни потреби за државните институции.

2. Се укажува на сите државни институции да не започнуваат постапка за закуп или купување деловен простор, се додека Владата не го утврди начинот на постапување со деловниот простор на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

3. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и во координација со општините Центар, Аеродром и Карпош да ја разгледа можноста за започнување на градбите на веќе предвидените локации и во рок од 30 дена да ја информира Владата.

4. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да започне разговори со банките за репрограмирање на кредитите, со цел подобрување на ликвидноста на друштвото и за ова во рок од 30 дена ја информира Владата.

5. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во соработка со Министерството за труд и социјална политика да ги засили капацитетите и да ја задолжи мобилната инспекција да изврши теренската контрола на социјалните станови и да достави список на станари кои живеат во тие станови, нивниот социјален статус и податоци за неплатени давачки и за ова во рок од 30 дена ја информира Владата.

6. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да изврши контрола на целокупниот деловен простор кој е во сопственост на друштвото и да достави список со преглед за состојбата и начинот на користење поединечно за секој деловен простор и за ова во рок од 90 дена ја информира Владата.

7. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да иницира постапка до Министерството за транспорт и врски за измена на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија во насока што ќе се утврди на координативниот состанок од заклучокот број 1.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го симна од Дневен ред Барањето за одобрување на парични средства за усогласување на платата согласно Законот за административни службеници.

**<u>Точка 6</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на движни ствари на трајно користење на Град Скопје, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за

престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан координативен состанок за изнаоѓање начин за обезбедување финансиски средства потребни за реализација на единствениот комуникациско информативен систем со единствениот Европски број за итни повици Е-112 во Република Македонија, со дополнување (нов текст), ја усвои Информацијата и притоа заклучи претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и други надлежни институции, како и членовите на Надзорниот одбор за супервизија и следење на напредокот во имплементацијата на овој проект, да формираат меѓуресорска работна група (оперативен тим), со цел преземање на активности за реализација и имплементација на Системот за итни повици Е-112 во Република Македонија и во најкраток можен рок да подготват информација и истата да ја достават до Владата.

**<u>Точка 8</u>**

Владата по Информацијата за изменување на Одлуката за формирање на Надзорен одбор за супервизија на имплементацијата на системот за итни повици Е-112 во Република Македонија, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Надзорен одбор за супервизија на имплементацијата на системот за итни повици Е-112 во Република Македонија, со заклучок член 1 да се дополни со точка „13. Митко Андреевски, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија“.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија и Агенцијата за радијациона заштита и нуклеарна сигурност на Република Косово за соработка во полето на радијационата заштита и нуклеарна безбедност, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија и Агенцијата за радијациона заштита и нуклеарна сигурност на Република Косово за соработка во полето на радијационата заштита и нуклеарна безбедност.

2. Се овластува директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, Светислав Ѓорѓевиќ, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија и Агенцијата за радијациона заштита и нуклеарна сигурност на Република Косово за соработка во полето на радијационата заштита и нуклеарна безбедност.

## Точка 10

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар (п.м.в. Рено Лагуна), во предложениот текст.

## Точка 11

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка, откако претходно ќе се разгледа на седниците на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 12

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за градежните производи, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

## Точка 13

Владата ја разгледа Предлог-платформата за одржување на Единаесеттата седница на Мешовитата комисија по Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија (најнов текст) и условно ја усвои Платформата (доколку Министерството за економија до одржувањето на Единаесеттата седница го усогласи текстот на Платформата со надлежните министерства) со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори веднаш до Министерството за економија да предложат претставници кои ќе учествуваат во работата на Единаесеттата седница на Мешовитата комисија што ќе се одржи на 9-10 мај 2018 година, во Љубљана.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до Министерството за економија да се произнесе за прифаќање на темите предложени од словенечка страна наведени во точка 9 (девет) во новиот текст на оваа платформа кои ќе бидат теми за дискусија на Единаесеттата седница на Мешовитата комисија и доколку оцени за потребно да предложат дополнителни теми кои ќе се вградат во Предлог-протоколот.

3. Се задолжува Министерството за финансии до Министерството за економија да се произнесе за прифаќање на темите предложени од словенечка страна наведени во точка 10 (десет) во новиот текст на оваа платформа кои ќе бидат теми за дискусија на

Единаесеттата седница на Мешовитата комисија и доколку оцени за потребно да предложат дополнителни теми кои ќе се вградат во Предлог-протоколот.

4. Се задолжува Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој во рок од три дена по усвојување на Платформата да го извести Министерството за економија кои плански региони во Република Македонија ќе бидат заинтересирани да склучат Меморандум за соработка со плански региони во Република Словенија.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија веднаш да ги искоординира и искомуницира обврските кои произлегуваат од овие заклучоци со сите надлежни институции.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Русова Лака“ с.Мелница, Општина Чашка, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, во рок од три дена до Министерството за економија да достави мислење во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Русова Лака“ с.Мелница, Општина Чашка.

## Точка 15

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за исполнетоста на условите за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато, на Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, за некоја од наредните седници на Владата.

## Точка 16

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, на Друштвото за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седници на Владата.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта (магацин со изложбен салон) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта (магацин со изложбен салон) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Врбјани општина Кривогаштани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Врбјани општина Кривогаштани, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица КО Метежево, општина Крива Паланка, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица КО Метежево, општина Крива Паланка, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализираните и планираните активности за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд, за периодот октомври 2017 година - март 2018 година и ја усвои со следните нови заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како Назначен национален орган во соработка со Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Царинската управа на Република Македонија и Управата за јавни приходи до јули 2018 година да го подготви одговорот по однос на Предлог-договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд и истиот да го достави на разгледување до Владата на Република Македонија најдоцна до септември 2018 година.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја информира Владата во врска со реализираните и планираните активности за

искористување на можностите на Зелениот климатски фонд најдоцна до 30.10.2018 година, а по потреба и порано.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите на Работната група задолжена за испитување на можноста за воведување на алтернативни горива во термо-енергетските објекти (постројки) во Република Македонија со посебен акцент на РДФ горива (refuse-deliver fuel), ја усвои и заклучи:

- се задолжува Работната група формирана со Одлука на претседателот на Владата на Република Македонија бр.08-1043/1 од 8.3.2018 година, по добиените одговори од финансиските институции, агенциите и амбасадите наведени во Информацијата во врска со можноста за обезбедување финансиски средства за изработка на студија за изводливост, како и по добиените одговори по доставените официјални покани од институции/компании во врска со нивните искуства во употребата на РДФ горива до 15.6.2018 година да ја информира Владата на Република Македонија со кои од нив и на кој начин ќе воспостави соработка во врска со воведување на РДФ гориво во термоенергетските објекти во Република Македонија.

**Точка 23**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана и Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Едрене, со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Едрене, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Едрене, со Предлог-решение, го прифати Предлогот и го донесе Решението за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Едрене, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа Предлогот за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Казакстан, со седиште во Алмати, со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Казакстан, со седиште во Алмати, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа Предлогот за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Казакстан, со седиште во Алмати, со Предлог-решение, го прифати Предлогот и го донесе Решението за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Казакстан, со седиште во Алмати, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за организирање на Летниот камп „Ја сакам Македонија“ - 2018 година и ја усвои со следниве најнови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го реализира Летниот камп „Ја сакам Македонија“ - 2018 година, од 19-26 август 2018 година во Охрид и воедно, за истото да ја информира Владата најдоцна до 30 септември 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, согласно законските прописи да изврши избор на соодветен хотел во Охрид или околината на база на полн пансион за сите учесници на Летниот камп, најдоцна до крајот на јули 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до 15 мај 2018 година, преку дипломатско-конзуларните претставништа да ги извести друштвата и заедниците на македонците во Република Албанија, Република Грција, Република Бугарија, Република Србија, Република Косово, Република Хрватска, Босна и Херцеговина, Република Словенија, Република Италија, Романија, Република Австрија, Чешка Република, Словачка Република, Република Полска и Унгарија, за предвидениот број на учесници на летниот камп, како и за начинот на избор на истите согласно досегашната пракса.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Општина Охрид најдоцна до 10 јуни 2018 година да обезбеди наставно-научен кадар од основните училишта на подрачјето на Општината.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на четиринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 15.5.2018 година во Скопје и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го назначи Живко Брајковски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за Ко - претседавач на Поткомитетот за земјоделство и рибарство.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 2.5.2018 година да ги достави материјалите до Европската комисија.

Истовремено Владата заклучи пред одржувањето на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија, Секретаријатот за европски прашања да ги усогласи ставовите согласно Мислењето на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Точка 30**

Владата го разгледа Предлог-законот за приватните агенции за вработување (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 31**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на општина Пехчево, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за градежништво, трговија, услуги и производство

Прима градба ДОО Штип на локалитетот „Долно поле“ с.Прибачево, Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“, Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги Резервоар минералс Македонија ДООЕЛ Скопје и заклучи да не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“, Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги Резервоар минералс Македонија ДООЕЛ Скопје, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Гевгелија, како и тоа дека концесионерот не ги реализирал обврските, согласно Законот за минерални суровини.

**Точка 37**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште - Припечани“, Општина Зрновци и Општина Чешиново - Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги Механизација ДОО увоз-извоз, с. Зрновци, Зрновци за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за економија и Министерството за финансии да се усогласат по материјалот во делот на тоа дали Друштвото ги има намирено финансиските обврски кон Управата за јавни приходи по сите основи или не, односно дали Министерството за финансии може да даде позитивно мислење по материјалот.

Исто така да се извршат усогласувања меѓу двете министерства во однос на тоа со кој документ/начин ќе се потврдува дали друштвото при вакви ситуации ги има намирено финансиските обврски спрема државата или не.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари (КП 2077 КО Тетово 1 ИЛ бр. 6335), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го разгледа Барањето на Созер Елиф Ече, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и

имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура - Крива Паланка (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за физичко образование, спорт и здравје“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за македонска литература во Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа -Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“ - Гостивар (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на Албанците (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Стоматолошкиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Фармацевтскиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Библиотека „Кочо Рацин“ - Тетово, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонската академија на науките и уметностите, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението библиотека „АЛ-БИ“ с.Бабино - Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Хидробиолошки завод - Охрид, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 85

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за национална историја - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 86

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен, во предложениот текст.

## Точка 87

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 88

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип, во предложениот текст.

## Точка 89

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш, во предложениот текст.

## Точка 90

Владата:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2018/2019 година, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на бројот на квоти по студиски програми за студенти, чие родителското право го врши само еден родител, кои ќе плаќаат половина од износот на уписнина во рамки на државните квоти, односно во рамките на квотите со кофинансирање на студиите, во учебната 2018/2019 година, во предложениот текст.

## Точка 91

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во

академската 2018/2019 година, со заклучок истата претходно номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 92**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип во академската 2018/2019 година, во предложениот текст.

**Точка 93**

Владата ја донесе Одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2018/2019 година, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Законот за јавните претпријатија ги уредува сите прашања кои се однесуваат на основањето, организацијата, начинот на работење и функционирање на јавното претпријатие. Ваквата структура на законот произлегува оттаму што истиот е системски закон кој ги регулира основните принципи и услови под кои се основаат и работат сите јавни претпријатија, независно од кого се основани.

Според истиот закон јавно претпријатие може да основа Република Македонија, општините и Градот Скопје заради вршење на дејност од јавен интерес.

Јавните претпријатија во име на Република Македонија ги основа Владата на Република Македонија, додека во име на општината јавните претпријатија ги основа Советот на општината и во име на Градот Скопје Советот на Град Скопје.

Имајќи го предвид посебниот статус на јавните претпријатија Законот за јавните претпријатија е во целост усогласен со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, како и Законот за административните службеници, кои се однесуваат на условите и критериумите за именување на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор како органи на управување во јавните претпријатија.

Имено, членот 17 и членот 26 од Законот за јавните претпријатија ги уредуваат прашањата во врска со составот, мандатот и условите под кои основачот врши именување на

претседателот и членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на јавното претпријатие, односно ги даваат основите за подеднаква примена на законот во однос на условите и основањето на органите на управување на јавните претпријатија независно од основачот и дејноста која ја извршуваат и за истите да важат истите принципи и правила на работење, притоа не навлегувајќи во начинот и постапката за нивното именување/разрешување од страна на основачот која е предмет на уредување на законските и подзаконските акти за основањето и работењето на основачот.

Поточно, идејата на законодавецот со горенаведените членови е да се обезбеди квалитетен кадар и во самите органи на управување на јавното претпријатие, кои ќе придонест да има поквалитетни јавни услуги, а во зависност од дејноста која ја обавува јавното претпријатие и поголема конкурентност и достапност на пазарот.

Исто така, законот обезбедува транспарентна постапка и дава можност на сите заинтересирани субјекти кои ги исполнуваат условите предвидени во истиот да бидат дел од менаџерскиот тим на јавното претпријатие, кои ќе обезбедат покомпетентно следење и примена на светските искуства и современите достигнувања во областа за која е основано јавното претпријатие.

Оттука, се смета дека Законот за јавните претпријатија не го регулира прашањето во однос на тоа кој орган кај основачот, во конкретниот случај општината, е надлежен за именување на членови на управен и надзорен одбор на јавното претпријатие, односно прашањето во врска со спроведување на постапката од страна на основачот за докажувањето на исполнетоста на условите утврдени во членот 17 и во членот 26 од Законот за јавните претпријатија, имајќи предвид што истото навлегува во ингеренциите на основачот кои се уредени со посебни законски и подзаконски акти за неговата организација и начинот на функционирање и не се однесува на организацијата и работењето на самото јавно претпријатие кое претставува предмет на уредување на Законот за јавните претпријатија.

Воедно, се укажува дека согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, автентично толкување на законите дава Собранието на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија, поднесено од градоначалникот на Општина Кочани.

## <u>Точка 95</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 41 ставови (1) и (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 127,10, 44/14, 150/15, 31/16 и 21/18), поднесено од пратеникот Самка Ибраимоски и притоа го утврди следново мислење:

Член 41 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија бр.50/10, 44/14, 150/15, 31/16 и 21/18) го предвидува следното:

„Заедничка тужба за заштита од дискриминација

Член 41

(1) Здруженија и фондации, установи или други организации од граѓанското општество, кои имаат оправдан интерес за заштита на колективните интереси на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита на правата на еднакво постапување, можат да поднесат тужба и во постапката пред судот да настапат како сопарничари против лицето кое го повредило правото на еднакво постапување, ако направат веројатно дека со постапувањето на тужениот е повредено правото на еднакво постапување на поголем број лица.

(2) Во тужбата од ставот (1) на овој член може да се истакне барање:
1) да се утврди дека постапувањето на тужениот го повредило еднаквиот третман во однос на членовите на групата;
2) да се забрани преземање дејствија со кои се крши или може да се прекрши еднаквиот третман, односно да се извршат дејствија со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици во однос на членовите на групата и
3)пресудата со која е утврдена повреда на правата на еднакво постапување да се објави во медиумите на трошок на тужениот.

(3) Другите одредби од овој закон, кои се однесуваат на тужбите од членот 36 став (1) на овој закон, на соодветен начин се применуваат на тужбата од ставот (1) на овој член.

(4) Тужбата од ставот (1) на овој член е дозволена доколку постои согласност од лицето кое тврди дека е дискриминирано.“

Согласно член 34 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во судска постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парнична постапка.

Согласно член 186 став 1 од Законот за парнична постапка како сопарничари можат да се јават повеќе лица кои можат со една тужба да тужат, односно да бидат тужени, согласно одредбите во Законот за парнична постапка (член 186 став 1 и 2) или согласно член 186 став 3 - ако тоа е определено со друг закон.

Согласно член 41 став 1 и 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација здруженија и фондации, установи или други организации од граѓанското општество, кои имаат оправдан интерес за заштита на колективните интереси на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита на правата на еднакво постапување, можат да поднесат тужба и во постапката пред судот да настапат како сопарничари.

Во секој случај за да постои засновање на сопарничарство мора да се исполнат општите и посебните претпоставки кои се предвидени за конкретниот вид на сопарничарство.

За секој сопарничар треба да бидат исполенти процесните претпоставки во поглед на странката, односно во поглед на парничната способност, или во поглед на правниот интерес и неговата процесна легитимација.

Процесната легитимација означува способност на странките за водење на конкретната парница legitimation ad processum, qualite pour agir. Значи, покрај постоењето на способноста да се биде странка во постапката и парничната способност, потребно е и способност на странките за водење на конкретната парница.

Постоењето на процесна легитимација означува дека странките имаат правен интерес и потреба од правозаштита за водење на конкретната парница која е детерминирана на два начини и тоа од една страна субјективно, односно со постењето на определени странки, а од друга страна објективно, односно преку постоењето на определено тужбено барање.

При докажување на процесната легитимација кај тужителот постои обврска да го стори веројатно овластувањето за водење на определена конкретна парница спрема тужениот за кој се претпоставува дека постои, односно непостои во тужбениот петитум. Притоа, тужителот треба да докаже дека има правен интерес за водење на определена парница спрема определен тужен.

Во парничната постапка процесна легитимација им се признава и на трети лица кои не се субјекти на спорниот однос кој претставува предмет поради кој се води парницата, а притоа имаат определен интерес за правното регулирање на тој однос. На овие лица процесната легитимација им се признава доколку имаат правен интерес.

Постоењето на правен интерес претставува процесна претпоставка по која судот внимава по службена должност и ако утврди дека не постои правен интерес, со решение ќе ја отфрли тужбата.

Согласно горенаведеното, здруженијата на граѓани можат да учествуваат како сопарничари и притоа да ја докажат својата активна легитимација, преку постоење на правен интерес за водење на определена парница спрема определен тужен, како што е предвидено во член 41 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Истовремено, се укажува да се има предвид член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, согласно кој Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен Весник на Република Македонија“ бр.91/08, 119/10 и 23/13), според кој барање за автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично точкување настанала во врска со примената на законите во нивното работење и член 176 од Деловникот, согласно кој барање за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Според истиот член од Деловникот, автентичното толкување се објавува во Службен весник на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на член 41 ставови (1) и (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поднесено од пратеникот Самка Ибраимоски.

**Точка 96**

Владата го разгледа Посебниот извештај за состојбата во Прифатниот транзитен центар „Винојуг“ - Гевгелија и утврди мислење, врз основа на мислењата на Министерството за

внатрешни работи и Министерството за здравство и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија.

## Точка 97

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010 и 100/2012), со заклучок истата претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да подготви мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство и истото да го достави до Владата.

## Точка 98

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43154 за КО Центар 1 на КП 3101/0, за наредната седница на Владата, поради потребата АД за стопанисување и изградба на станбен и деловен простор од значење за Републиката - Скопје да подготви и до Владата да достави мислење по материјалот.

Истовремено, Владата заклучи материјалот да се разгледа во присуство на директорот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 99

Владата го разгледа Известувањето за усна јавна продажба од извршител Антончо Коштанов од Скопје и Заклучокот за усна јавна продажба со И.бр.653/17 и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 100

Владата го разгледа Известувањето од извршител Благојче Кипровски, за заклучок за втора усна јавна продажба со И.бр.497/2008 и по Известувањето, го прифати негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 101

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр. 141/18 за КО Бутел, за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да подготви и до Владата да достави мислење по материјалот.

Истовремено, Владата заклучи материјалот да се разгледа во присуство на директорот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 102**

Владата ги разгледа Записникот од 7-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 27.4.2018 година и Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија (со која се предлага на Собранието на Република Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 31 декември 2018 година) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од 7-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 27.4.2018 година.

2. Ја утврди Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија (со која се предлага на Собранието на Република Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 31 декември 2018 година) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Венко Филипче, министер за здравство, а за повереник м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

**Точка 103**

Владата го разреши Максуд Али од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат орган во состав на Министерството за финансии, на негово барање.

1.1. Владата го именува Неваип Исмаил за вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата на Аџибајрам Ризвани, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Охрид му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 17.4.2018 година до 17.4.2019 година.

3. Владата ја именува Ана Митрејчевска за член на Управниот одбор-претставник од Советот на општината на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар.

4. Владата не даде согласност на Одлуката за избор на директор на Институтот за акредитација на Република Македонија бр.02-227/6 од 19.4.2018 година, со која за директор е избран д-р Трпе Ристоски, досегашен вршител на должноста директор на Институтот.

5. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Дебар, ги разреши:

- Бајрам Ѓулиоски
- Зеќир Јакупоски и
- Мирајет Тела.

6.Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија- Скопје, ги разреши:

- Златко Кафиловски,
- Бујар Бајрами и
- Теута Ариф.

7.Владата го разреши Горан Герасимовски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

8. Владата го разреши Исен Зекири од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза со П.О. Скопје.

9. Владата го разреши Дритон Саити од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза со П.О. Скопје.

10. Владата го отповика Ремзије Биљали од должноста независен член на Надзорниот одбор на АД „Македонска информативна агенција АД"-Скопје.

11. Владата го отповика Халил Сулејмани од должноста независен член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје.

12. Владата ја отповика Арлинда Меметај од должноста член на Надзорниот одбор на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" - ДООЕЛ Скопје.

13. Владата го разреши Халил Минуш од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Посебното основно училиште „Иднина" - Скопје.

14. Владата го разреши Агрон Палоши од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница- Тетово.

15. Владата го разреши Лирим Селими од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел"-Битола.

16. Владата ја разреши Афрдита Хамза од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Гостивар.

17. Владата ја разреши Едита Рамизи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Куманово“-Куманово.

18. Владата го разреши Асим Далипи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Струга.

19. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Тетово, ги разреши:

- Бурим Зекири и
- Илир Демири

20. Владата го разреши Бурбуќе Имами од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Железничар“-Скопје.

21. Владата го разреши Амир Салахи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом -Скопје.

22. Владата го разреши Мирије Зендељи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Кичево.

23. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“-Ростуше, ги разреши:

- Фадил Шабани и
- Арбен Мирто.

24. Владата го разреши Хабиб Рушани од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Битола.

25. Владата го разреши Орхан Реџепи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Куманово.

26. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, ги разреши:

- Себајете Ахмети и
- Мимоза Аслани.

27. Владата го разреши Фадил Цана од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија.
28. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Тетово, ги разреши:

- Малзим Камбери и
- Самир Ракипи.

29. Владата го разреши Бедри Ислами од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница „Куманово“ Куманово.

30. Владата го разреши Џелил Бајрами од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Гостивар.

31. Владата го разреши Сефедин Амити од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струга.

32. Владата го разреши Рилинд Жаку од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Охрид.

33. Владата го разреши Милот Ризвани од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо “- Охрид.

34. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница - Скопје, ги разреши:

- Умер Невзат и
- Љуљјета Имери.

35. Владата го разреши Нурије Бајрами од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Лешок“.

36. Владата го разреши Енвер Садику од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола.

37. Владата го разреши Едип Шеи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија - Струга.

38. Владата го разреши Шпенд Џумкар од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

39. Владата го разреши Динна Емра од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата - „Козле“ - Скопје.

40. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, ги разреши:

- Ерол Рушуд и
- Иса Муча

41. Владата го разреши Газменд Амзаи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија.

42. Владата од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје, ги разреши:

- Селма Јашари и

- Аријан Селмани.

43. Владата го разреши Флорент Бафтијари од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - Скопје.

44. Владата го разреши Јусуф Вејсели од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

45. Владата го разреши Блета Рама од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје.

46. Владата го разреши Висар Мифтари од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија - Скопје.

47. Владата го разреши Блерим Адеми од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје.

48. Владата го разреши Реџеп Емрулаи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје.

49. Владата го разреши Ирфан Амети од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје.

50. Владата од должноста членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијебетес и метаболички нарушувања - Скопје, ги разреши:

- Теута Усеини и
- Илир Демири.

51. Владата го разреши Нагиб Зумбер од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје.

52. Владата го разреши Садула Усеини од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје.

53. Владата го разреши Мргим Шабани од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија - Скопје.

54. Владата го разреши Беса Поцеста од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје.

55. Владата го разреши Бесник Хамити од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје.

56. Владата го разреши Џошкун Керала од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје.

57. Владата го разреши Бејтула Камбери од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија - Скопје.

58. Владата го разреши Садат Арифи од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија - Скопје.

59. Владата го разреши Илир Шабани од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје.

60. Владата го разреши Јетмир Зибери од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје.

61. Владата го разреши Газменд Елези од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје.

62. Владата го разреши Лирим Кадриу од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје.

63. Владата го разреши Илир Бела од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје. .

64. Владата го разреши Лирим Демири од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје.

65. Владата го разреши Хајбер Таравари од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиохирургија - Скопје.

66. Владата го разреши Зејнула Адеми од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско -емисиона томографија-Скопје.

67. Владата го именува Валдет Џафери, досегашен вршител на должноста директор на Бирото за судски вештачења орган во состав на Министерството за правда, за директор на Бирото за судски вештачења орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

68. Владата го именува Бујар Дардхишта, досегашен вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги орган во состав на Министерството за правда, за директор на Управата за водење на матичните книги орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

69. Владата го именува Бардул Насуфи, досегашен вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки орган во состав на Министерството за финансии, за директор на Бирото за јавни набавки орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

70. Владата го именува Феми Јонузи, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделениево Велес, за

заменик директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

71. Владата го именува Мевљан Џемаили, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, за заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

72. Владата го именува Мурат Рамадани, досегашен вршител на должноста директор на КПУ Затвор Тетово, за директор на КПУ Затвор Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

73. Владата го именува Вулнет Адеми, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, за директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

74. Владата го именува Елгафар Јусуфи, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, за директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

75. Владата го именува Арменд Шаќири, досегашен вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом од отворен вид Струга, за директор на КПУ Казнено поправен дом од отворен вид Струга и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

76. Владата не го разгледа предлогот за отповикување на Бајрам Реџепи од должноста член на Одборот на директори на АД за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.

77. Владата не го разгледа предлогот за отповикување на Булент Камбери од должноста член на Одборот на директори на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје.

Владата по објавените јавни огласи, објавени на 31.1.2018 година во дневните весници: „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“, за именување директори и заменици директори, согласно одделните материјални закони, заклучи да не врши избор за следните позиции и тоа:

1. Биро за застапување на Република Македонија пред Европски суд за човекови права - директор/владин агент,
2. Државен девизен инспекторат - директор,
3. Управа за наменско производство - директор,
4. Државен инспекторат за земјоделство - директор,
5. Државна фитосанитарна лабораторија - директор,
6. Управа за електронско здравство - директор,
7. Биро за развој на образованието - заменик директор,
8. Управа за сигурност во железничкиот систем - директор,
9. Центар за управување со кризи - заменик директор,

10. Агенција за стоковни резерви - заменик директор,
11. Затвор Штип - директор,
12. Затвор Штип - заменик директор,
13. КПУ Идризово - директор,
14. Затвор Прилеп - заменик директор,
15. Затвор Струмица - заменик директор,
16. Затвор Гевгелија - заменик директор,
17. Затвор Струга - заменик директор,
18. Воспитно поправен дом Тетово - заменик директор,
19. Агенција за промоција и поддршка на туризмот - директор,
20. Државен испитен центар - директор,
21. КПУ Затвор Охрид - заменик директор и
22. Биро за развој на образованието - директор.

## Точка 104

По повод одбележувањето на 4-ти Мај, Денот на загинувањето на македонскиот револуционер и борец за слобода, Гоце Делчев, Владата заклучи:

- делегација предводена од Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, во состав: д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, во 10:00 часот, да положи цвеќе на саркофагот во кого се сместени посмртните остатоци на македонскиот револуционер и борец за слобода Гоце Делчев во Црквата „Св. Спас“ во Скопје.

- делегација предводена од д-р Венко Филипче, министер за здравство, во состав: Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, во 11:00 часот, да положи цвеќе на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот Парк во Скопје.

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 16.4.2018 година до 22.4.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 23.4.2018 година до 29.4.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

Владата ја разгледа Предлог-листата за натамошна либерализација на земјоделско - прехранбени производи во извоз од Република Македонија во Украина кои се предмет на концесии дадени во Протокол Б на Анекс 1 и нови производи од глава 1 до 24 од Хармонизираниот систем на имиња и тарифни ознаки согласно Договорот за слободна

трговија меѓу Република Македонија и Украина, во примена од 10 септември 2001 година, како материјал за информирање

Владата го разгледа Известувањето од Министерството за економија за спогодбено раскинување на Договор за закуп во ТИРЗ Тетово, помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Друштвото за производство, трговија и услуги Про компо адвентаџ технолоџис ДООЕЛ експорт - импорт, Јанчиште, Јегуновце, како материјал за информирање.

Владата го разгледа Известувањето од Министерството за економија за спогодбено раскинување на Договор за закуп во ТИРЗ Тетово, помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Друштвото Индбус италмак ДООЕЛ Скопје, како материјал за информирање.

По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, во врска со формирањето на Техничката работна група за следење на реализацијата на Проектот за изградба на автопатот Скопје-Блаце, Владата заклучи да го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта, во најкраток рок до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на претставник кој ќе учествува во работата на Техничката работна група.

Воедно, д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, информира дека од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во Техничката работна група за следење на реализацијата на Проектот за изградба на автопатот Скопје-Блаце е номиниран проф.д-р Горан Марковски од Градежниот факултет-Скопје.

Министерот без ресор, Роберт Поповски, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, ја информираше Владата за посетата на владина делегација со претставници од седум институции, од областа на комуникации, односи со јавност и внатрешна организација, на Владата на Обединетото кралство на Велика Британија, на која се разгледала можноста за заедничка соработка на двете влади како и поддршка од Владата на Обединетото кралство на Велика Британија за имплементација на Брит системот (како водечки во областа на комуникациите), како и целосна поддршка во делот на организирање и поголема ефикасност на пристап и нудење на квалитетни услуги на граѓаните, преку дигитализација на сервисите.

Владата го донесе Решението за дополнување на Решението за формирање на Национален совет за ИКТ, во предложениот текст.

По повод Заклучокот донесен на Шеесеттата седница на Владата на Република Македонија, точка 101, во врска со Информацијата за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево-Охрид заради склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот за изградба на патна делница Кичево-Охрид, со Предлог-закон, Владата заклучи за потписник на Анексот бр. 1 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид бр.08-9012/1 од 12.11.2013 година, заради продолжување на рокот за изградба помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на

инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/13 и бр. 134/17), по скратена постапка и објавување на истиот во „Службен весник на Република Македонија“, наместо д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да биде Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија.

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Советниците на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжени за економски прашања д-р Ванчо Узунов и д-р Фатмир Бесими, кога ќе ги реализираат ресорните состаноци и посети на министерствата со цел зголемување на процентот на капитални инвестиции, задолжително да ги известат министерот, заменикот на министерот и државниот секретар.

2. Прашањето за реализација на капиталните инвестиции да се разгледува на секоја седница на Владата во делот на Пред преминување на Дневниот ред.

**<u>Точка 105</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Авто патека Илинден“, како материјал за информирање, со заклучок предлагачот при реализација на понатамошните чекори да ги има предвид мислењата од надлежните институции.

Истовремено, Владата заклучи во рок од 30 дена да се одржи координативен состанок во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев со претставници од Агенцијата за млади и спорт, Општината Илинден, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Автомобилистичката федерација на Македонија на кој да се утврди нивото на заинтересираност за инвестицијата и соодветно на тоа да се преземат сите понатамошни чекори.

**<u>Точка 106</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за cash-flow за 2018 година на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, како материјал за информирање.

**<u>Точка 107</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за наплата на пенали за непочитување на роковите од страна на изведувачот согласно Договорот, како и за причините поради кои е настанато доцнењето во реализација на проектот „Изградба на административна зграда за

потребите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје“, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи по утврдувањето на конкретната одговорност за недостатоците во Проектот и за доцнењето во изградбата на објектот, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да преземе соодветни активности, согласно Закон, кон одговорните субјекти.

**Точка 108**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи директорот на Институтот за стандардизација на Република Македонија, во рок од 90 дена да подготви и до Владата да достави Информација со Акциски план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација и начинот и ресурсите со кои планира тоа да го реализира.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви јануари до 31-ви март 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна сметка за 2017 година на Јавната установа „Центар за образование на возрасните - Скопје“, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за иницијативи за склучување на билатерални спогодби, меморандуми за разбирање и соработка во воздушниот транспорт со воздухопловните власти на земјите од Европската Унија и светот, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Формирање и поддршка на земјоделски задруги“, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик (август 2017 - декември 2017 година), како материјал за информирање.

**Точка 116**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за работата на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми за 2016 година и интеграција на ромите 2020 (за период 2016-2017 година), со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 117**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, за наредната седница на Владата, откако претходно истиот ќе биде разгледан на седниците на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 118**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на договор за мали придонеси помеѓу Владата на Република Македонија и Фонд за население на обединетите нации за имплементирање на дел од мерките за намалување на мајчина и новороденечка смртност, со Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за мали придонеси помеѓу Владата на Република Македонија и Фондот за население на обединетите нации.

2. Се овластува д-р Венко Филипче, министер за здравство да го потпише Договорот за мали придонеси помеѓу Владата на Република Македонија и Фондот за население на обединетите нации.

3. Се задолжува д-р Венко Филипче, министер за здравство, на крајот од годината да ја извести Владата за реализација на активностите за имплементирање на дел од мерките за намалување на мајчина и новороденечка смртност за 2018 година.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од отпочнување на постапка за набавка на реконбинантен фактор на коагулација FVIII- turoctocog alfa, наменет за пет деца со тешка форма на хемофилија, а со најмалку трета генерација реконбинантен фактор и ја усвои со следниот заклучок:

- се задолжува Министерството за здравство да отпочне постапка за набавка на реконбинантен фактор на коагулација FVIII- turoctocog alfa, наменет за пет деца со тешка форма на хемофилија, а со најмалку трета генерација реконбинантен фактор.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |